Совет на Општина Делчево
Број 09-18/2
10.01.2020 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 34.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 10.01.2020 година (петок), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски
14. Вице Стоиловски

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 34.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записникот од 33.седница

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2020 година;

**Образлагач**: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

2. Одлука за усвојување на Стратегија за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024;
3. Предлог-Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево;
4. Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2019 година со Заклучок за усвојување;
5. Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2020 година;

**Образлагач**: По точките 2,3,4 и 5-Даниела Такева-ПР на Општина Делчево.

6. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина

Делчево за 2020 година,

7. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станка Анастасова;
8. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект селско стопанство зграда бр.2 по барање на Станка Анастасова;
9. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект селско стопанство зграда бр.3 по барање на Станка Анастасова;
10. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објектгаража зграда бр.4 по барање на Станка Анастасова;
11. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.5 по барање на Станка Анастасова;
12. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драги Васев;
13. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект згр.1 по барање на Никола Атанасов;
14. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Ефтим Јочевски;
15. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект гаража зграда бр.3 по барање на Игор Станковски;

Образлагач: По точките од 6 до 15-Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

16. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2020 година;

**Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

17. Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;
18. Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: По точките 17 и 18-Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

19. Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.
20. Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Образлагач:** По точките 19 и 20-Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

21. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година;
22. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;

**Образлагач:** По точките 21 и 22-Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.

23. Предлог-Програма за одржување на  јавна чистота на општина Делчево за 2020 година;

**Образлагач:** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

24. Решение за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското  работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево;
25. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Оопштина Делчево го усвои дневниот ред за 34.седница на Советот.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 33.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и  Записникот од 33.седница беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 33.седница.

**Прва точка-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2020 година;**

Образложение поднесе претседателот на Советот кој рече дека како и секоја година така и оваа е изготвена Програма за работа на Советот за 2020 година и Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи.

Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2020 година е како што следува во табеларниот преглед.

Претседателот отвори расправа по точката.

Биудејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе   Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2020 година.

**Втора точка-Одлука за усвојување на Стратегија за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024;**

Оваа точка ја образложи Даниела Такева која истакна дека Стратегијата за надворешна комуникација претставува стратешки документ на Општина Делчево кој е финансиран од Општина Делчево, а е изработен од страна на Регионалниот центар за застапување и дека Општина Делчево е единствената Општина во Источна Македонија која има еден ваков документ. Докементот е во согласност

со Стратегијата за комуникации на Владата на РСМ, Годишната комуникациска стратегија на ЗЕЛС, Програмата за развој на Источно-планскиот регион 2015-2019, како и извештаи за отвореноста и транспарентноста ма опшините од фондации и организации и други локални документи од стратешко значење за општината. Документот е пообемен и во себе ги сосдржи сите податоци што треба да ги содржи еден ваков документ, ја содрши методологијата и процесот на изработка,заклучоци од истрашувачкиот процес,препораки и потенцијални алатки, стратешките области и цели на делување, ресурси, мккао и акциски план. Доколку имате некои прашања, повелете, рече Д.Такева.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша колку чинела изработката на Стратегијата?

Даниела Такева рече дека за изработката на Стратегијата биле потрошени 70.000 денари за ангажирање на експертот Марко Вељковиќ.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на Стратегија за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024.

**Трета точка-Предлог-Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево;**

И оваа точка ја образложи Даниела Такева која рече дека оваа година по втор пат се донесува Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево и истата е дел од Стратегијата за промоција и комуникација и од Акцискиот план. Целта е  да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, Советот на Општина Делчево усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во областа на промоција и комуникација со јавноста бидејќи, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали до советниците ќе биде доставен извештај за реализација на претходната програма?

Даниела Такева рече дека за наредна седница ќе биде доставен извештај за реализација на претходната програма.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево.

**Четврта точка-Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Во врска со оваа точка Д.Такева рече дека Програмата за одбележување настани и културни манифестации на Општина Делчево за 2019 година, усвоена на Седница на Советот на Општина Делчево на 19 Седница одржана на 28.01.2019, е изготвена врз основа на член 22 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ бр. 5/2002) и во неа се содржани активностите на Општина Делчево во областа на културата насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на Програмата:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални историски и културно-уметнички манифестации;

-Реализирање манифестации програми и проекти кои ѝ даваат посебно обележје на Општина Делчево;
-Создавање услови за гостување еминентни уметници од Република Македонија и
странство во Општина Делчево;
-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Делчево;
-Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации организации и
фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма се финансираа од средствата на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2019 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.При реализацијата на Програмата, Општина Делчево градеше партнерство со локални институции од областа на културата и здруженија на граѓани кои работат на полето на културата, како: НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" од Делчево, ЈЛБ „Илинден", здруженија на граѓани, Министерството за култура, Комисија за култура при Собрание на РМ и донатори. Освен од сопствени средства, обезбедени се финансиски средства и друга помош од:Министерството за култура на Република Македонија;Трговски друштва и јавни претпријатија, Фондации,други правни и физички лица, заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша колку средства од Буџетот на Општина Делчево биле потрошени за реализација на оваа Програма?

Даниела Такева рече дека Општината потрошила 921.000 денари буџетски средства.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2019 година.

**Петта точка-Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2020 година**;

И оваа точка ја образложи Даниела Такева-ПР на Општина Делчево која рече дека Програмата е речиси иста како ланската освен тоа што во оваа Програма е додадено одбележување на јубилејот 70 години од преименувањето на Царево Село во Делчево. Доколку имате прашања, повелете, истакна Д.Такева.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2020 година.

**Шеста точка-Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2020 година;**

Образложение по точката поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа Програма се донесува секоја година врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Повеќе позиции кои се дадени во оваа Прогрма се од ланската година бидејќи се работата повеќе години. Под точка 1 е предвидено изработка на ГУП, за него можам да кажам дека се работи во моментов, ново е Локална урбанистичка документација за село Троботивиште која во Програмата е дадена под точка 11-Локална планска документација ( ЛУПД ) за КП.бр. 530/1 КО Трaботивиште ИЛ 1175, КП бр.531 КО Трaботивиште ИЛ 1177 и КП бр.532/1 КО Трaботивиште ИЛ 6 со намена А 3 - (групно домување) - Дом за престој и нега на стари лица и е приватна иницијатива. Доколку има прашања, повелете рече тој.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2020 година

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станка Анастасова**;

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Станка Анастасова

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект селско стопанство зграда бр.2 по барање на Станка Анастасова;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект селско стопанство зграда бр.2 по барање на Станка Анастасова;

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект селско стопанство зграда бр.3 куќа по барање на Станка Анастасова;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект селско стопанство зграда бр.3 по барање на Станка Анасатасова.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект објект гаража зграда бр.4 по барање на Станка Анастасова;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект гаража зграда бр.4 по барање на Станка Анасатасова.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.5 по барање на Станка Анастасова;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект зграда бр.5 по барање на Станка Анастасова.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драги Васев;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драги Васев.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект згр.1 по барање на Никола Атанасов;**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект зграда бр.1 по барање на Никола Атанасов.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Ефтим Јочевски;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Ефтим Јочевски.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект гаража зграда бр.3 по барање на Игор Станковски;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект гаража зграда бр.3 по барање на Игор Станковски.

**Шеснаесетта точка-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2020 година;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево кој рече дека оваа Програма е изготвена согласно член 19 од Законот за јавни претпријатија и Статутот на ЈКП „Брегалница".При нејзиното изготвување е пројдео од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати од работењето врз база на целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите, максимално искористување на вработените и опремата, а во исто време максимално намалување на трошоците на работењето. Во 2020 година, ЈКП „Брегалница" ќе посвети особено внимание на дистрибуција на вода за пиење и на собирањето на комунален цврст отпад, но и на сите други дејности :одведување на урбани отпадни води, собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, чистење и метење на улици и јавни површини, одржување на градси пазар, одржување на градски гробишта, крпење на ударни дупки, прекопи и сл. Согласно Правилникот за систематизација, ЈКП е организирано во 5 сектории тоа: сектор за општи и правни, сектор за финансии и сметководство, сектор за водовод и канализација, сектор за комунална хигиена, сектор за градско зеленило и гробишта. Во 2010 година ќе се изработи и Функционална анализа која е законска обврска согласно законот. Во 2020 година посебно внимание ќе се посвети на % на наплата, како и на воведување модул за мобилно отчитување на водомерите со помош на мобилни телефони. За спроведување на оваа цел ќе се изврши ажурирање на базата на податоци. Во 2020 година расходите се планирани во износ 5.309.701, табеларно е прикажано колку пари за која намена, 300.000 денари се планирани за набавка на канцелариска опрема.

Главна активност на секторот за водовод и канализација во 2020 ќе биде тековното одржување и поправка на дефектите на главниот цевковод од брана Лошана до Филтер-станица во с.Тработивиште и од Филтер-станица Тработивиште до влезот на градот Делчево, како и поправка на дефекти на примарната и секундарната градска водоводна мрежа и водоводната мрежа во селските населби. Во 2020 година се планира да с еодведат 560.521 м3 урбани отпадни води. Во 2020 година од сопствени средства во износ 1 милион денари ќе се реконструираат постојните водоводни линии, а остатокот се планира од Буџетот на Општина Делчево, Буџетот на РСМ, како и од други извори. Планирани активности се:замена на стари азбестни цевки на улиците „Пиринска", дел од 19.Октомври, дел од „Орце Николов, реконструкција на крак на водоводна линија „Питу Гули", „Кирил и Методиј" со изработка на заеднички водомерни шахти на тротоарите. Планирано е замена на азбестни цевки и на ул.„Вељко Влаховиќ" во должина од 500м1, на ул. „Пере Тошев", санација на водоводни и канализациони шахти-50 бр.Во надлежност на овој сектор се планирани и активностите кои прооизлегуваат од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2020 година. Во 2020 година ќе се набават машина за сечење асфалт, половно возило-ровокопач, товарно возило и патничко половно возило потребно за одржувачот на пумпите.

Во Секторот за комунална хигиена во 2020 година се планира набавка на уште едно ново или половно специјално возило за собирање отпад.

Секторот за градско зеленило и во 2020 година ќе продолжи со планирање  и уредување на зелените површини и речните корита, машинско  и рачно косење на трева, гребулење, собирање и изнесување на трева,садење, полевање, плевење и окопување, засејување на трева и др.за што во 2020 година се потребни 350.000 денари за набавка на косилки, 2.700.000 денари за набавка на нова машина за метење на улици. Доколку ве интересира нешто посебно, тука е и сметководителката и ќе ви објасни, рече С.Стојковски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави сашко Ивановски кој рече дека на стран1 7 под реден број 7 е предвидено- Доградба на фекална канализациона мрежа во Стар монопол и Стрелишт, а под точка 25-Довршување на канализација во с.Ѕвегор, па праша како е поисправно терминолошки и да ли е исто „доградба" и „довршување"?

Директорот рече дека тоа се активности кои се предвидени во Програмата за уредување на

градежно земјиште за 2020 година на Општина Делчево.

Билјана Ѓеоргиевска го праша директорот дали сите возила за собирање на комунален отпад се исправни и ставени во функција?

Директорот рече дека сите возила за собирање на комунален отпад се исправи и ставени во функција.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2020 година**

**Седумнаесетта точка-Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение по точката поднесе Билјана Петровска која рече дека овој извештај е извештај на сите реализирани активности во 2019 година. Во него се баведени сите активности кои ги реализирала библиотеката во периодот од 5 февруари 2019 до 27 декември 2019. Доколку има нешто што посбено ве интерсира или доколку имате прашања, повелете, рече Б.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали се зголемил бројот на читатели имајќи предвид дека се зголемил бројот на вработени во библиотеката?

Б.Петровска рече дека бројот на читатели е зголемен и тој податок го има во наредната точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“ за 2020.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 11 „ЗА“ и 3 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година.

**Осумнаесетта точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која прво рече дека се извинува за техничките грешки на страна 6 и 10 каде наместо 2019 треба да стои 2020 и наместо 2010 треба да стои 2020.Таа истакна дека во 2020 година библиотеката ќе се залага за зголемување на библиотечниот фонд, едуцирање на кадарот, афирмација на книгата и пишаниот збор, како и формирање на литературен клуб кој треба да организира бројни литературни настани. Исто така, во 2020 година библиотекатаќе реалзира програма која произлегува од нејзината јавнафункција како општинска установа, ќе издвојува средства за набавка на лектирни изданија, сликовници, стручна литература за студентите. Таа потенцираше дека како резултат на отварањето на новата читална и двосменското работење е зголемен бројот на читатели студенти. Вкупниот број на читатели е 500 исто како и во 2018 година и 15 броја семејна членарина.На крајот, таа ја истакна соработката со Општиата и другите локални институции и изрази надеж дека истата ќе продолжи и во 2020 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2020 година.

**Деветнаесетта точка-Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.**

Оваа точка ја образложи Билјана Симовска директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ која рече дека Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ донел одлука за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.0101-88/1 од 13.06.2020 година. Во Табела 2, кај работното место со реден број 13 со шифра на работно место ДЕЗ 03 03 В03 001-Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст, бројот 7 се менува со бројот 8. Работното место со реден број 15 шифра ДЕЗ 03 03 В04 001,Приправник Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст со број на извршители 2, се брише и на работно место со реден број 16-Неговател, во делот на број на извршители, бројот 16 се менува со број 17. Правилникот влегува во сила со денот на доесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од МИОА на РСМ.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која праша колку работни места се предвидуваат со оваа измена на Правилникот?

Директорката рече дека се предвидуваат 2 работни места во делот даватели на услуги и 1 за секретар, а тече огласот за сметководител.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласови „ЗА“, 4 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за давање согласнот на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Дваесетта точка-Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека се прави измена и на овој Правилник кој се однесува на член 8, Воспитно-згрижувачка служба, во делот Воспитен оддел се менува број на 2 систематизирани работни места со 1 систематизирано работно место, односно се брише работното место приправник-воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст.Правилникот влегува во сила со денот на доесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од МИОА на РСМ.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Никој не се јави за збор и расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година;**

Оваа Одлука ја образложи Анка Христова Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметковоство и администрирање на даноци која рече дека на 33.седница, која се одржа на 26.12.2019 година Советот донесе Одлука за утврдување на вредноста на бодот. Но, на 28.12.2019 година во „Сл.весник на РСМ“ број 276 излезе нова вредноста на бодот, односно се утврдува вредноста на бодот да биде 81,6. Затоа сега е потребно да се донесе оваа одлука, рече А.Христова.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска

контрола, сметковоство и администрирање на даноци која рече дека во Законот за експропријација се предвидува донесување на одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општината. Согласно донесениот Буџет на Општина Делчево за 2020 година, за експропријација се предвиден 4.000.000 денари.

Претседателот на Советот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затвореана, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Програма за одржување на  јавна чистота на општина Делчево за 2020 година;**

Образлагач по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина која рече дека во поголем дел Програмата е иста како онаа од минатата година, освен што има измена во Табелата – Метење на улици и јавни површини, за разлика од минатата година, во тој деле е додадено и метење на паркот кај новата црква. Што се одбесува до средствата предвидени за реализација на активностите предвидени со оваа Програма, остануваат исти како лани односно 1.596.100 денари или вкупно 2.034.000, заедно со надоместокот за јавна чистота 483.000. Се разбира тоа е толку доколку наплатата е 100%.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе  Програмата за одржување на  јавна чистота на општина Делчево за 2020 година.

**Дваесет и четврта точка-Решение за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското  работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека со ова Решение се разрешуваат членовите на Одборот за контрола на материјално-финансиското  работење на ЈПКД „Брегалница“, Христина Анастасовска (бидејќи една година веќе живее во Англија), Антонио Димитровски (вработен во МВР) и Снежана Трајкова (на нејзино барање). На нивно име се именуваат Милена Багевска, Методи Димитровски и Маја Иванова Златковска.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Славица Димитрова која праша на чиј предлог се именувани овие членови?

Претседателот на Советот рече дека членовите се именувани на предлог на Градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 2 „ВОДРЖАНИ“ и 3 „ПРОТИВ“, Советот на општина Делчево го донесе Решението за именување на членовите на Одборот за контрола на материјално-финансиското  работење на ЈПКД „Брегалница“.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;**

Точката ја образложи Драган Маневски кој рече дека со оваа одлука се одобруваат средства во висина од 6.000 денари на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ)-Делчево за обавување на своите активности (полагање свежо цвеќе, учество на планинарски маршеви и на други активности организирани од Општина Делчево).

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена,а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1„ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈКП „Комуналец“-Пехчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека од страна на ЗЕЛС бил доставен е-маил до сите општини и совети на општините во РСМ за финансиска помош на ЈКП „Комуналец“од Пехчево кое имало пожар и претрпело голема штета, во рамките на своите можности, да донираат средства на ЈКП „Комуналец“. Во консултација и на предлог на Грдаоначалникот и Секторот за финансии беше изготвена оваа одлука, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша дали претседателот има сознанија за тоа колку средства оюбрил Советот на општина Пехчево?

Претседателот рече дека нема таков податок, немало одредена сума, туку било препорака да се помогне секој колку што може.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈКП „Комуналец“-Пехчево.

**Дваесет и седма точка-Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на деца-Роми на возраст од три до шест години за престој во детска градинка ОЈУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 01.01.2020 до 31.08.2020 година.**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој рече дека ваква одлука е донесено и ланската година, а врз основа на Договорот за соработка склучен помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот Едукативен Фонд – Будимпешта (Договор бр. 14-11731/2 од 19.12.2018 година ) за поддршка и имплементација на Проектот ,,Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи – Детски градинки“, а согласно Заклучокот од 174 седница на Владата на РСМ. Со оваа одлука се ослободуваат од партиципација на 20 деца-Роми на возраст од три до шест години за престој во детска градинка ОЈУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 01.01.2020 до 31.08.2020 година.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека исто така било и лани, се донесува одлука за ослободување од партиципација за престој на деца Роми во Детската градинка, а не се и за децата Македонци кои потекнуваат од социјално загрозени смејства и тоа не е во ред.

Претседателот на Советот рече дека реакцијата е во ред и треба да се побара информација од директорката на детската градинка за тоа колку деца Македонци потекнуваат од социјално ранлива категорија и да се донесе одлука за ослободување од партиципација и за нив.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од партиципација на деца-Роми на возраст од три до шест години за престој во детска градинка ОЈУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 01.01.2020 до 31.08.2020 година.

**Дваесет и осма-Предлог-Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.**

Образлагач по оваа точка беше Драган Балас-Регионален Центар за управување со кризи кој рече дека согласно член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05 и 36/11), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) како и член 13 и член 14 од од Уредбата за Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, од страна на РЦУК беше изработена Процена, која, пак, од страна на Советот на Општина Делчево беше донесена во 2014 година, а во 2018 годуна беше ажурирана. Согласно член 14 од Уредбата, потребно е Процената да се ажурира, односно да отпочнат активности за нејзино ажурирање, за што е потреба одлука од Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа.

За збор не се јави никој и расправата беше затворена.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Со исцрпување на дневниот ред за 34.седница, Советот заврши со работа во 15:30 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Драган Маневски